Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-158/8
17.06.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-158/1 од 05.02.2024 година, поднесена од со адреса на живеење на против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз друга основа – оневозможување на пристап до работно место во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон подносителот врз друга основа – оневозможување на пристап до работно место, како и кон останатите вработени во Министерство за внатрешни работи, а која произлегува од член 14 став (3) од "Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерство за внатрешни работи" ("Службен весник на РМ", бр. 44/2015)

## О б р а з л о ж е н и е

На 05.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од страна на ., со адреса на живеење на против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз друга основа – оневозможување на пристап до работно место во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителот наведува дека согласно оглас број 23.6-92 од 25.01.2024 година на Министерство за внатрешни работи, потпишан од директорот на Биро за јавна безбедност, не се почитувал временскиот период на огласот кој требало да трае 3 (три) дена, но траел само 1 (еден) ден, односно неколку часа, од причина што огласот бил објавен во 17 часот и веднаш бил затворен. На избраниот кандидат на огласот – истиот ден му било дадено Решение за распоредување од работно место Помлад инспектор во ПО Камењане на работно место Командир на ПО Камењане. Според мислењето на подносителот огласот бил отворен единствено за избраниот - кој бил симпатизер на една од политичките партии кои тогаш биле на власт. Подносителот на претставката како што наведува, конкурирал

на огласот на 25.01.2024 година, пријавата ја доставил во архивата на СВР Тетово, а заведена била со датум 29.01.2024 година со архивски број 23273-1137/1. На крајот подносителот наведува дека бара техничкиот министер , г-дин Панче Тошковски да го поништи Решението за распоредување и да биде избрано лице со соодветно образование од причина што именуваниот командир не ги исполнувал условите согласно закон бидејќи се предвидувало кандидатот да има завршено Факултет за безбедност, Правен факултет или Економски факултет, додека пак избраниот кандидат имал завршено високо образование – Педагошки факултет – Географија.

Заради произнесување по наводите во претставката, Комисијата на 07.03.2024 година достави до Министерството за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Известување бр. 08-158/2 за произнесување по наводи во претставка. По ова на 25.04.2024 година во Комисијата е пристигнато Известување Рег. Бр. 23.6.2.2-750/2 од 12.03.2024 година на Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, заведено под број 08-158/5.

Во Известувањето од министерството се наведува дека распоредувањата во Министерство за внатрешни работи се вршеле независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба. Понатаму се наведува дека со телеграма бр. 23.6-92 од 25.01.2024 година бил објавен интерен оглас за пополнување на работно место Командир на ПО Камењане при СВР Тетово, со рок на доставување на пријавите од 1 (еден) ден. Согласно член 14 став (3) од Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерство за внатрешни работи, ***Пријавите се поднесуваат најдоцна седум дена*** *од денот на доставување на телеграмата*. За наведениот оглас доставена била пријава од кој бил на работно место Помлад инспектор – водач на безбедносен реон во ПО Камењане. На 26.01.2024 година Комисијата за распоредување и унапредување одржала работен состанок на кој донела одлука да биде распореден на работно место Командир на ПО Камењане. Во Известувањето се наведува дека пријавата на по интерниот оглас во Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси била пристигната на 31.01.2024 година, а од увидот во истата било утврдено дека во архивата на СВР Тетово била примена и заведена на 29.01.2024 година по истекот на рокот утврден со интерниот оглас. Следствено пријавата била третирана како ненавремена.

Во Известувањето исто така се посочува дека постапката за распишување на интерен оглас била утврдена во Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи. Рокот во кој треба да се доставаат пријавите на заинтересираните кандидати бил наведен во телеграмата со која бил објавен интерниот оглас и важел за сите работници во министерството.

Во делот на наводите кои се однесуваат на несоодветното образование на избраниот кандидат, во Известувањето се наведува дека сметано од 02.07.2018 година бил распореден на работно место Помлад инспектор – водич на безбедносен реон, односно веќе бил распореден на работно место за кое било предвидено високо образование – Факултет од областа на безбедноста, Правен факултет или Економски факултет.

На 25.04.2024 година Комисијата се обрати до Министерство за внатрешни работи со Барање 08-158/4 за добивање на дополнителни податоци, и тоа: 1. Зошто, односно која е легитимната цел што рокот на интерниот оглас бил 1 (еден) ден, наместо 7 (седум) дена онака како е предвидено со Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерство за внатрешни работи и 2. Кон Одговорот побара да се достави фотокопие од Записник за избор на кандидат по предметниот интерен оглас на Комисијата која одлучувала за изборот.

На 14.05.2024 година во Комисијата е пристигнат Допис Рег. Бр. 23.6-30623 од 09.05.2024 година со дополнителни податоци од Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност заведен под број 08-158/7. Во Дописот се наведува дека постапката за распишување на интерен оглас е утврдена со Правилник за начинот на спроведување селекција при распоредување како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи. Согласно член 14 став (3) од овој Правилник, _Пријавите се поднесуваат најдоцна седум дена од денот на доставување на телеграмата._ Во Дописот се наведува дека **во наведената одредба утврден е законскиот максимум** што значи дека рокот за поднесување на пријавите не може да биде подолг од седум дена, но може да биде пократок. Во конкретниот случај според наведеното, поради итна и неопходна потреба од пополнување на работното место при објавување на интерниот оглас – определен е рок од 1 (еден) ден, па следствено тој е во согласност со одредбите од горенаведениот Правилник и истиот важи за сите.

Во прилог на Дописот, во фотокопие се доставени Записник бр. 22.6-901/2 од 26.01.2024 година на Комисија за распоредување и унапредување за работно место Командир на Полициско одделение Камењане и фотокопие од Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерство за внатрешни работи.

Имено, согласно член 6 од Законот за работните односи, _Работодавачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности_. Согласно член 7 став (1) од овој закон, _Забраната на директна или индиректна дискриминација во случаите_

*од членот 6 на овој закон се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и на работникот*. Во став (3) е утврдено дека, *Индиректна дискриминација, во смисла на овој закон, постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса, го става или би го ставила во понеповолна положба во однос на другите лица, кандидатот за вработување или работникот поради определено својство, статус, определување или уверување од членот 6 на овој закон.* Во став (4) точка 2 од истиот член на законот се уредува дека, *Дискриминацијата кај работодавачот е забранета и во однос на напредувањето во работата*.

Во член 118 од Закон за внатрешни работи со кој е уредена Целта на унапредувањето, е утврдено дека *Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на работниците во Министерството кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места*. Согласно член 120 став (1) од овој закон, *Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување и националната припадност*. Со член 127 со кој е уредена Селекција во постапката за распоредување односно унапредување, утврдено е дека *Постапката за селекција при распоредување, како и при унапредување на работниците во Министерството согласно одредбите од овој закон, опфаќа повеќе фази. Подзаконскиот акт за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување на работниците во Министерството го донесува министерот.*

Во Колективниот договор на Министерство за внатрешни работи, во член 52 е уредено дека П*остапката на унапредување има за цел да им овозможи на работниците во Министерството кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места*. Со член 53 се уредува дека *Работник во Министерството може да биде унапреден: - во повисок платен ранг или - на друго работно место кое во однос на претходното работно место е повисоко во Класификацијата на работните места*, додека пак, член 54 став (1) уредува дека *Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување и националната припадност.*

Врз основа на сето гореизнесено, односно врз основа на наводите во претставката, одговорот од Министерството за внатрешни работи, како и прибавените дополнителни податоци и докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба: подносителот на претставката е вработен во Министерство за внатрешни работи, СВР Тетово, ПО Камењане. Истиот се јавил како кандидат за унапредување по телеграма бр. 23.6-92 од 25.01.2024 година на интерен оглас за работно место Командир на ПО Камењане. Рокот

за поднесување на пријавите по инатерниот оглас бил 1 (еден) ден, а согласно Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерство за внатрешни работи. На интерниот оглас, за наведеното работно место избран бил кандидатот , додека пак пријавата на подносителот на претставката во архивата на СВР Тетово била примена и заведена на 29.01.2024 година по истекот на рокот утврден со интерниот оглас. Според наведеното се констатира дека во конкретниот случај кон лицето е сторена индиректна дискриминација врз друга основа - оневозможување на пристап до работно место, како и кон останатите вработени во Министерство за внатрешни работи, а која произлегува од член 14 став (3) од "Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерство за внатрешни работи" ("Службен весник на РМ", бр. 44/2015), онака како е таа опишана во член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, и тоа ***Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.***

Имено, во член 14 од Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерство за внатрешни работи е уредено дека *За објавување на интерен оглас се доставува телеграма од надлежна организациска единица за управување со човечки ресурси до сите организациски единици во министерството.* Во став (3) од истиот член се уредува дека ***Пријавите се поднесуваат најдоцна седум дена од денот на доставувањето на телеграмата***. Со оглед да во овој член е определен максималниот, но не и минималниот рок за поднесување на пријави по интерни огласи, вработените во министерсвото се ставаат во нееднаква положба при оствауање на можноста за распоредување, односно унапредување во кариерата. Вака утврдената одредба остава простор при одредени интерни огласи рокот за доставување на пријавите да биде само 1 (еден) ден, како во горенаведениот, а за други пак интерни огласи да изнесува 7 (седум) дена што само по себе продуцира нееднаков третман кон вработените кои најнапред треба да се информираат дека одреден интерен оглас е објавен, а потоа да достават потребна пријава по истиот што практично е невозможно за само 1 (еден) работен ден. Ова е спротивно на законските прописи и правата на работниците утврдени со Колективниот договор за Министерството за внатрешни работи.

Со оглед на горното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната препорака:

- **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија да иницира и спроведе измени на член 14 став (3) од подзаконскиот акт насловен како "Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерство за внатрешни работи" ("Службен весник на РМ", бр. 44/2015) така што ќе утврди најкраток разумен рок не помал од 5 (пет) дена за поднесување на пријави по интерни огласи објавени преку телеграми и на тој начин на сите вработени во министерството ќе им овозможи учество на истите на еднаква основа и под исти услови.

Доколку не се постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
12.06.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

-
- Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев, бр. 9, Скопје
- Архива на КСЗД